**Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика**

**Проектот е финансиран од Европската Унија**









# ЈАВНА РАСПРАВА НА ТЕМА: ДАЛИ ПОСТОИ ПОВОЛНА КЛИМА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

Јавната расправа е дел од активностите на проектот "Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика (WE – Contribute)". Проектот е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондација за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружение на бизнис жени и ГТФ Иницијатива за одржлив раст.

EU for YOU!

**Проектот е имплементиран од:**

MIR FOUNDATION

Здружение на БИЗНИС ЖЕНИ

GF ISG

# ЈАВНА РАСПРАВА НА ТЕМА: ДАЛИ ПОСТОИ ПОВОЛНА КЛИМА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО?

## РЕЗИМЕ

Предизвиците со кои секојдневно се среќаваат жените претприемачи, соочувајќи се со недостаток на информации и бариери за раст на бизнисот како и недоволна застапеност на жените претприемачки во сите сектори подеднакво беа главен мотив за одржување на јавната расправа на тема: “Дали постои клима за развој на женско претприемништво?” на 01.06.2018 година во во Скопје.

На јавната расправа присутните жени претприемачи имаа можност да го искажат своето гледиште на темата како и да дискутираат како оваа клима за женско претприемништво влијае на нивната работа и на кој начин може да се подобри. Исто така беа дадени и одредени ставови преку кои се потенцираа проблемите и пречките со кои во моментов се соочуваат жените претприемачи во Македонија и на кој начин истите може да се надминат.

Заклучоците од јавната расправа се сублимираат во три точки и тоа дека последните неколку години е подобрена перцепцијата и разбирањето за потребата за развој на женско претприемништво во Македонија, потребно е дополнување на програмите и мерките со кои се овозможуваат финансии за поддршка на женско претприемништво како и потреба од зголемено учество во креирање и донесување на мерките и програмите од страна на жените претприемачи.

Јавната расправа е дел од активностите на проектот “Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика (WE – Contribute)”. Проектот е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондација за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружение на бизнис жени и ГТФ Иницијатива за одржлив раст од Хрватска. Имплементацијата на проектот започна во декември месец 2017 година, а ќе трае до декември 2018 година. Дискусијата беше модерирана од Емилија Андонова, од Фондација за менаџмент и индустриско истражување и Валентина Дисоска, од Здружение на бизнис жени.

## ВОВЕД

Следејќи ги информациите за женско претприемништво во Македонија и соочувајќи се со пречките во развојот на жените претприемачи модераторите на јавната расправа поттикнаа дискусија меѓу присутните на тема: “Дали постои клима за развој на женско претприемништво?”

- Предизвиците што жените ги идентификуваат при отпочнување бизнис вклучуваат обесхрабрување од социјалните и културните ставови, поголеми потешкотии при пристапот

до финансирање за почеток, помали и помалку ефективни претприемачки мрежи и рамки на политики кои ги обесхрабруваат жените претприемачки. Традиционалните инструменти, како што се обуката и грантовите, се користат за справување со овие бариери, но овие пристапи треба да се прошират бидејќи немаат целосен опфат на населението.

- Потребна е поширока институционална поддршка и разбирање на специфичните потреби на жените претприемачки. Пренесувањето на добри практики од жени претприемачки е еден од можните начини за промовирање на женското претприемништво. На овој начин се креира јавно мислење и се има позитивно влијание на потребата за промена на социјалниот статус.
- Потребно е да се делува на образовниот систем, преку разгледување на негативните примери се покажува дека тој не е доволно родово неутрален и ги обесхрабрува жените рамноправно да пристапат во сите полиња.

## ПРИСТАП И РЕЗУЛТАТИ

Во рамките на јавната расправа, жените претприемачи се задржаа и ги структурираа своите излагања во вид на дискусија во следните приоритети:

- Креирање на поволна клима за женско претприемништво
- Обезбедување на финансиска поддршка за развој на женско претприемништво
- Промоција, вмрежување и застапување

- **Критични точки од аспект на креирање на поволна клима за женско претприемништво:**

- постои недостаток од едукација за претприемништво кај поголемиот дел на популацијата, а тоа е видливо и кај младите лица. Јавната расправа поттикна да се изразат гледиштата во однос на оваа тематика каде едногласно е потврдено дека потребна е зголемена едукација за претприемништво која започнува од мали нозе во семејствата, продолжува со изучување на посебни програми и предмети во училиштата како основа за добивање на информации за ова тематика. По завршување на образованието младите ќе бидат спремни и подготвени да го користат стекнатото знаење за претприемништво во пракса за отворање на свои бизниси.
- постои недостаток на податоци од страна на Завод за статистика. Преку дискусијата е констатирана потребата на Заводот за статистика да спроведува регуларни истражувања и да располага со податоци кои се битни за родово поделени статистики. Постои недостаток на податоци кои ги прикажуваат дејностите во кои жените се побројни од мажите, која е возрасната граница на започнување на сопствен бизнис кај мажите, а која е кај жените и сл.

- **Критични точки од аспект на обезбедување на финансиска поддршка за развој на женско претприемништво:**

- постои недостаток на информации за обезбедување на финансиска поддршка за жени претприемачи со што се јавува потребата за едукација и соодветен канал на пренос на информација за користење на финансиски поволности, фондови, и др.
- постои потреба да се работи на креирање на поволна клима за можности за жените претприемачи да имаат повеќе поволности за земање на кредити кои се со пониски каматни

стапки како и да се овозможи стимулирана работа на банките со микро и мали компании. Преку дискусијата дадена е препорака за формирање на Фонд за женско претприемништво кој ќе ги поддржува жените претприемачи кои немаат можност да ги покријат кредитите со приложување на документација за поседување на сопствен имот.
- постои недостаток на соодветна легислатива која ќе регулира релации и обврски за: бизнис ангели, менторска поддршка, акцелераторска програма и специјализирани фондови за женско претприемништво.
- постои недостаток на мерки за вработување и субвенционирање кои ќе бидат наменети за микро и нано бизниси со можност за раст на овие бизнис од 1 вработено лице на 5 или 10 вработени.

➢ **Критични точки од аспект на промоција, вмрежување и застапување:**

- постои недостаток на комуникација помеѓу жените претприемачи, недостаток на програми за вмрежување како и недостаток од системско институционално јакнење на жените претприемачки.
- постои недостаток за развој и креирање на јавното мислење кое ќе биде изразено преку разговор на теми што ги тангираат жените претприемачи, трибини, јавни дебати и консултации за сите жени претприемачи кои се наоѓаат на територијата на цела Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Преку одржаната дискусија на јавната расправа беа таргетирани неколку конкретни прашања и постоечки состојби кои ги засегаат жените претприемачи и на кои треба да се работи заради подобрување на климата на женското претприемништво.

- Споредено со минатато, денес има подобрена клима за женско претприемништво, но и треба да се работи уште многу на поддршката на жените претприемачи. На жените претприемачи им треба поголема поддршка, координација на веќе воспоставените структури и олеснување на мерките со кои се промовира нивното економско зајакнување.
- Потребно е дополнување на програмите и мерките преку кои се овозможуваат финансиите за поддршка на женско претприемништво. Она на кое треба да се работи е да се обезбеди поголема поддршка за жените претприемачи ориентирани кон раст со посветени програми за бизнис инкубатор и бизнис забрзување и создавање на услови за користење на овие програми со помали ограничувања и услови.
- Постои потреба од зголемено учество на жените претприемачи во креирање и донесување на мерките и програмите за женско претприемништво како и зголемена информираност на сите жени претприемачи за можностите кои им се нудат.

## ИМПЛИКАЦИИ И ПРЕПОРАКИ

За да се дојде до надминување на ситуацијата во која се наоѓаат сега жените претприемачи потребни се промени. На жените претприемачи им треба поддршка, координација на веќе воспоставени структури и олеснување на мерките со кои се промовира нивното економско зајакнување.

Препораките кои се донесени се:

- Зголемен проток на информации до жените претприемачи за можностите за претприемништво, мерките и програмите за поддршка и финансирање на бизниси и адекватна консултантска помош;
- Обезбедување на информации за придобивки од отворање и поседување на сопствен бизнис;
- Развој и креирање на јавно мислење преку зголемен број на трибини, семинари, јавни настани, промоции во медиуми каде жените претприемачи отворено дискутираат за ставовите кои ги засегаат како и начинот на кој се справуваат со истите;
- Промовирање на претприемништво од најрана возраст, почнувајќи од семејството па се до завршување на образование во образовните системи. Едукација која овозможува по излегување од образовниот систем веднаш имплементација на знаењето и можност за отворање на сопствен бизнис;
- Обезбедување на адекватна поддршка на жената претприемач преку поделба на обврските со своето семејство за паралелен развој како на приватен план така и на професионален план;
- Зголемено учество и организирано застапување на жените претприемачи во креирање на мерките и програмите за помош и финансирање на бизниси;
- Поврзување на жените претприемачи и застапување на своите интереси на локално, регионално и национално ниво преку работни групи, граѓански организации.